**ЗАПИСНИК**
**од педесет и шестата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 25.12.2020 година**

На педесет и шестата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:**

**Сашо Поцков- градоначалник на општината, Лилјана Кичукова-вработена во Општината, Митко Дојчинов- вработен во Општината, Златко Зумров- директор на ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија, Станка Карајанова-вработена во Општината, Тони Николов- вработен во Општината, Ристо Атанасовски- претставник на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)- Гевгелија, Петар Јанчев- вработен во Општината и Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ „Детска радост"- Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, претседателот на Совет, Тодор Ристо, ја отвори педесет и шестата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од педесет и петтата седница.

Бидејќи немаше забелешки, Претседателот го стави на гласање записникот од педесет и петтата седница и **Советот со 15 гласа за и 1 не гласал го усвои.**

За работа на педесет и шестата седница на Совет е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Буџет на Општина Гевгелија за 2021 година,
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година,
3. Предлог-Одлука за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на Општина Гевгелија,
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2021 година,
5. Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2021 година,
6. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2021 година,
7. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2021 година,
8. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2021 година,
9. Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2021 година,
10. Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2021 година,
11. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2021 година,
12. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2021 година,
13. Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2021 година,
14. Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2021 година,
15. Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2021 година,
16. Предлог-Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија,
17. Предлог-Програма за активностите во областа на социјалната заштита во Општина Гевгелија за 2021 година,
18. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Гевгелија за 2021 година,
19. Предлог-Програма во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2021 година,
20. Предлог-Одлука за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2021 година,
21. Предлог-Одлука за учество на Општина Гевгелија во проект: Збогатување на туристичката понуда во Југоисточниот плански регион, потпроект: "Доизградба

на локален пат до с. Ума - одвојување од Регионалниот пат Р 112, Гевгелија-Смрдлива вода".

22. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година,

23. Предлог-Програма со Предлог-Програмски буџет на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2021 година,

24. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за 2021 година,

25. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија за 2021 година,

26. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија за 2021 година,

27. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за 2021 година,

28. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за 2021 година,

29. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за 2021 година,

30. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2021 година,

31. Предлог-Решение за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија во 2021 година.

- По барање на Градоначалникот како предлагач, точките под реден број : 7- Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2021 година; 8- Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2021 година; 14- Предлог-Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2021 година; 15- Предлог-Програма за активностите од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи на подрачјето на општина Гевгелија за 2021 година; 16- Предлог-Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Гевгелија; 25- Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија за 2021 година; 26- Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2021 година; 27- Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за 2021 година; 28- Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за 2021 година и 29- Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ООМУ "Васо Карајанов" -Гевгелија за 2021 година се повлекоа од Дневен ред за понатамошна доработка и точките од Дневниот ред се подместуваат во однос на повлечените точки.

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** отвори претрес по предложениот дневен ред .

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои** и се премина кон расправа по точките.

Тодор Ристов, претседател на Совет, предложи точките под реден број: 1, 2, 3, 4 и 24 да се разгледуваат заеднички, а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно** го усвои овој предлог.

**Трајко Арџанлив, член на Совет**- Како процедурална забелешка кон вас, барам повторно да ја разгледате опцијата да се преместиме во друга сала и да продолжиме со работа како Совет во друга просторија од наредната седница. Бидејќи ние, како советничка група, сметаме дека овде немаме соодветни и основни услови за работа, нема каде да се пишува, нема каде да се стави компјутер, нема од каде да се полни компјутер, па токму поради овие причини барам повторно да се разгледа можноста за преместување во друга просторија.

**Тодор Ристов, претседател на Совет** - Со колегата Ручкоманов на негово инсистирање бевме на увид на неколку простории, но се во многу лоша состојба, меѓутоа бараме решение и ќе бараме и се надевам дека за наредната седница ќе обезбедиме просторија со соодветни услови за работа.

**Точка 1. Предлог-Буџет на Општина Гевгелија за 2021 година**

Претседателот отвори претрес по точките 1, 2, 3 ,4 и 24.

Во претресот по овие точки учествуваа: **Лилјана Кичукова- вработена во Општината, Марија Магдинчева Шопова, Ристо Камов,Т рајко Арџанлиев, Магдалена Делковска, Томе Кичуков, Виктор Кралев, Лазар Мешков, Тихомир Ручкоманов, Перо Стојанов, Зоран Лазаровски- членови на Совет и Сашо Поцков, градоначалник на општината.**

**Зоран Лазаровски, член на Совет** како претставник на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ, се изјасни дека поради договрот на кординативните тела, ребалансот на Буџетот да се носи на наредната седница и тогаш да се поднесат сите амандмани ги повлекува поднесените амандмани.

**Тихомир Ручкоманов, член на Совет,** се изјасни дека поради договрот на кординативните тела ребалансот на Буџетот да се носи на наредната седница и тогаш да се поднесат сите амандмани ги повлекува поднесените амандмани.

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 11 гласа за, 5 против и 1 воздржан го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 11 гласа за, 5 гласа против и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на Општина Гевгелија.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Буџетски календар за планирање и донесување на Буџетот на Општина Гевгелија и **Советот со 15 гласа за и 2 воздржани ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 17 гласа за и 1 воздржан ја усвои.**

**Точка 19**. **Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за 2021 година.**

По завршувањето на претресот, претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа, 4 против и 1 воздржан го усвои.**

**Тодор Ристов , претседател на Совет** предложи точките под реден број 5 и 6 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно** го усвои овој предлог.

**Точка 5**. **Предлог-Програма за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по точките под реден број 5 и 6.

Во претресот по точките учествуваа: **Митко Дојчинов- вработен во Општината, Анета Стамкова,Тихомир Ручкоманов- членови на Совет и Сашо Поцков , градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за и 5 против ја усвои.**

**Точка 6**. **Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските улици и патишта во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за и 5 против ја усвои.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет,** предложи точките под реден број 7 и 15 да се разгледуваат заеднички а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно** го усвои овој предлог.

**Точка 7**. **Предлог-Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по точките под реден број 7 и 15.

Во претресот по точките учествуваа: **Станка Карајанова вработена во Општината, Зоран Лазаровски- член на Совет и Сашо Поцков, градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот, претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културно наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 15. Предлог-Одлука за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2021 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за обезбедени средства во Буџетот на Општина Гевгелија наменети за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење за 2021 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 8. Предлог-Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Зоран Лазаровски, член на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 12 гласа за и 5 против ја усвои.**

**Тодор Ристов, претседател на Совет**, предложи точките под реден број 9 и 16 да се разгледуваат заеднички, а да се гласаат поединечно и **Советот едногласно** го усвои овој предлог.

**Точка 9. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по точките под реден број 9 и 16.

Во претресот по точките учествуваа: **Тони Николов, вработен во Општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка за 2021 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 16. Предлог-Одлука за учество на Општина Гевгелија во проект: Збогатување на туристичката понуда во Југоисточниот плански регион, потпроект: "Доизградба на локален пат до с. Ума - одвојување од Регионалниот пат Р 112, Гевгелија-Смрдлива вода".**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за учество на Општина Гевгелија во проект: „Збогатување на туристичката понуда во Југоисточниот плански регион“, потпроект: "Доизградба на локален пат до с. Ума - одвојување од Регионалниот пат Р 112, Гевгелија-Смрдлива вода" и **Советот со 16 гласа за и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)- Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Ристо Атанасовски- претставник на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)- Гевгелија, Магдалена Делковска, член на Совет.**

По завршувањето на претресот, претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии (ФЛОРИТ)-Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за ја усвои.**

**Точка 11. Предлог-Програма за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2021 година

Во претресот по точките учествуваа: **Петар Јанчев, вработен во Општината.**

По завршувањето на претресот, претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за комуникација и транспарентност во Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Програма за активностите во областа на социјалната заштита во Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите во областа на социјалната заштита во Општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Петар Јанчев, вработен во Општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите во областа на социјалната заштита во Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за ја усвои.**

**Точка 13. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Петар Јанчев, вработен во Општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на

населението од заразни болести во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 14 гласа за ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Програма во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Петар Јанчев вработен во Општината.**

По завршувањето на претресот, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за ја усвои.**

**Точка 17. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за ја усвои.**

**Точка 18. Предлог-Програма со Предлог-Програмски буџет на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програма со Предлог-Програмски буџет на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2021 година.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата со Предлог-Програмски буџет на Локалната комисија за борба против нелегална трговија со луѓе и илегалната миграција во општина Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за ја усвои.**

**Точка 20. Предлог-Решение за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Елизабета Стоименова директор на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за усвојување на Финансовиот план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за и 5 против ја усвои.**

**Точка 21. Предлог-Решение за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија во 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија во 2021 година.

Во претресот по точките учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец" – Гевгелија и Игор Илков, член на Совет.**

По завршувањето на претресот, претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија во 2021 година и **Советот со 9 гласа за , 5 против и 1 не гласа ја усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Совет ја затвори педесет и шестата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија,**
**Тодор Ристов**
**с.р.**